„Кога некој ќе го спомене Аллах при влегувањето дома и додека јаде, шејтанот им вели на своите другари: ‚Вечерва немате ниту сместување ниту вечера

Џабир бин Абдулах, радијаллаху анхума, пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како кажува: „Кога некој ќе го спомене Аллах при влегувањето дома и додека јаде, шејтанот им вели на своите другари: ‚Вечерва немате ниту сместување ниту вечера.‘, а ако влезе дома без да го спомне Аллах при влегувањето, шејтанот вели: ‚Најдовте сместување.‘ А ако не го спомне Аллах пред јадење, шејтанот вели: „Најдовте сместување и вечера.'“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни нареди да го спомнеме името на Аллах кога влегуваме дома и пред јадење. Ако во тие ситуации кажеме Бисмиллах, шејтанот ќе им рече на своите помошници: „Вие немате можност да престојувате и да вечерате во оваа куќа чиј сопственик ја заштитил спомнувајќи го Возвишениот Аллах.“ Но ако човекот влезе во својот дом и не каже „Бисмиллах“ при влегување, ниту тоа ќе го каже пред јадење, тогаш шејтанот ги известува неговите помошници дека добиле престој и вечера во таа куќа.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3037